АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Април 2025** **Бр.4**

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ и печатени медиуми

### Радиодифузери

Врз 89 радиодифузери коишто емитуваат ТВ или радио програма Агенцијата изврши два редовни административни надзори. Едниот надзор се однесуваше на обврската до 31 март на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година, остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста. Вториот надзор се однесуваше на обврската за објавување на податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година, во ударните термини најдоцна до 31 март и снимка од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. При надзорите беше констатирано дека сите 89 радиодифузери ги исполниле законските обврски.

За обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата и дневно емитување најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела, за почитувањето на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетните лица од програми што би можеле да им наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, заштита на личните податоци на малолетните лица, обезбедување квизови или други облици на наградно учество, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа, редовен програмски надзор е извршен врз ТВ Сител, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5 и ТВ Телма. При надзорот не беа констатирани прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз истите телевизии, спроведен е и редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврската за објава на идентификација на радиодифузерот. При надзорот не беа констатирани прекршувања на административните обврски од Законот за медиуми и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Откако помина рокот за законско усогласување со мерките јавна опомена, извршени се контролни програмски надзори врз Наша ТВ, ТВ Компани 21-М, ТВ Дуе, ТВ Њуз и Македонска Радиотелевизија – Трет програмски сервис МРТ 3. При надзорите беше утврдено дека ТВ Дуе повторно не ги почитува обврските за заштита на малолетната публика, односно на програмата емитувана на 25 март пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, поради што и беше покрената прекршочна постапка.

Извршени се и неколку вонредни надзори по претставка и по службена должност. По добиена претставка од граѓанин, извршен е вонреден програмски надзор врз изданието на актуелно-информативната програма „Само вистина“, премиерно емитувана на програмата на ТВ Канал 5 на 19 март. Надзорот ги опфати начелата за вршење на дејноста и посебната забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на забранетите дискриминаторски основи. При надзорот не беа констатирани прекршувања на законските одредби.

По службена должност вонредни надзори се извршени врз ТВ Телма, ТВ Дуе и ТВ Клан Македониа. Надзорот врз ТВ Телма кој се однесуваше на исполнувањето на обврската за обезбедување кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, покажа дека одговорниот уредник на ТВ Телма е вработен кај радиодифузерот во редовен работен однос и со полно работно време. Вонредниот административен надзор врз работата на ТВ Дуе покажа дека медиумот во неколку емитувани програми нема објавено податоци за импресум, поради што му беше изречена мерка јавна опомена.
Вонредниот надзор врз работата на ТВ Клан Македониа за исполнувањето на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување покажа дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во овој Правилник, поради што му беше покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување. По истекот на рокот за законско усогласување, врз ТВ Клан Македониа беше извршен контролен административен надзор кој покажа дека и понатаму не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот, поради што му беше одземена дозволата за ТВ емитување.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз операторите А1 Македонија и Телекабел за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не беа констатирани прекршувања.

Врз операторот Мултимедија Нетворк Л извршени се контролни програмски надзори за да се утврди дали операторот постапил по мерките јавна опомена упатени заради различни законски прекршувања на обврските при реемитување програмски сервиси. Надзорите покажаа дека операторот во целост постапил по решенијата за преземање мерка јавна опомена.

## Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 19 издавачи на печатени медиуми со цел да констатира дали истите ги објавиле податоците за сопственичката структура, податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и дали до Агенцијата доставиле исечок од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Надзорот покажа дека печатените медиуми ги исполниле законските обврски.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 18-та седница одржана на 24 април, врз основа на констатации од редовен програмски надзор изрече мерка јавна опомена на ТВ 24 Вести поради непочитување на условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи.

Советот на Агенцијата на 16-та седница одржана на 10 април, врз основа на извештаи од редовни и контролни административни и програмски надзори, изрече 11 мерки јавна опомена за ТВ Клан Мацедониа, ТВ Компани 21-М, ТВ Шења и Наша ТВ.
На ТВ Компани 21-М и се изречени четири мерки јавна опомена: за необјавување импресум во две емисии; неисполнување на обврските поврзани со наградни игри и употреба на телефонски услуги со додадена вредност; за прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација во актуелно-информативно говорно шоу и за емитување поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не поминува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Четири мерки јавна опомена се изречени и на ТВ Клан Македонија заради необјавување импресум во образовни и актуелно-информативни емисии; емитување програма од трета категорија во несоодветен термин; необјавување информации што треба да се достапни за корисниците и за неисполнување на обврската за емитување минимум 30% македонски аудиовизуелни дела.

Две мерки јавна опомена се изречени на ТВ Шења заради необјавување импресум на документарна програма и за неисполнување на обврската за емитување минимум 30% македонски аудиовизуелни дела. Мерка јавна опомена е изречена на Наша ТВ поради прекршување на одредбите за времетраење меѓу поп-ап реклами на поделен екран во три емисии.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk